ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА НА СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДИТЕТ И ЖИВОТНАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Скопје, 2015

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

В.Д. Директор: Асс. д-р Шабан Мемети

СЕКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА, АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ
НА НЕЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ

Проф. д-р Елена Ќосевска, специјалист по социјална медицина,
раководител на Секторот

Сања Прошева, Дипломиран социјален работник

Компјутерска обработка:

Борче Андоновски
Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

364.694-056.26/.36(497.7)(083.131)

ЌОСЕВСКА, Елена
Упатство за проценка на поврзаноста на состојбата на инвалидитет и животната и работната средина на лицата со посебни потреби / [Елена Ќосевска, Сања Прошева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2016. - 24 стр. ; 30 см

ISBN 978-608-235-034-9
1. Прошева, Сања [автор]
а) Лица со посебни потреби - Здравствена и социјална заштита - Македонија - Упатства
COBISS.MK-ID 100612618

# Содржина


ВОВЕД 5

ВИДОВИ И ПРИЧИНИ НА ПОПРЕЧЕНОСТ 6

ЦЕЛ НА УПАТСТВОТО 7

I ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА НА СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДИТЕТ И ЖИВОТНАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ 8

1. Законска регулатива во Република Македонија 8
2. Законска регулатива во здравството за заштита на правата на лицата со посебни потреби 11
3. Видови на заштита во животната и работната средина во светот 13
4. Можности за заштита во животната и работната средина во Р.Македонија 15

II УПАТСТВО ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА НА СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДИТЕТ И ЖИВОТНАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ 19

1. Бариери кои може да се превенираат 19
2. Можни идни решенија и препораки за подобрување на животните и работните услови на лицата со посебни потреби во Република Македонија 21

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 23

# ВОВЕД

Поимот лица со пречки во развојот од различни автори различно се толкува, зависно од тоа дали се дефинира од медицински, од педагошко-психолошки или социјален аспект.

Под овој поим се подразбира таква онеспособеност во физички или во психички поглед, што го оневозможува нормалниот психофизички развој кај лицата оставајќи социјални, психолошки, педагошки и други последици.

Попреченоста, односно инвалидноста, суштествено се разликува од болеста. Додека кај болеста, состојбата на организмот е динамична (таа има развоен тек), кај инвалидноста состојбата е статична. Затоа последиците од преболената болест, од преживеаната повреда или вродена мана, остануваат како трајни.

Терминот посебни потреби може да означува многу разни состојби: од мали потешкотии во учењето, изразени интелектуални потешкотии, психијатриски нарушувања, хронични болести итн.

**Лицата со посебни потреби претставуваат една вулнерабилна група, која се наоѓа сè уште на маргините на општеството**.

Тие се соочени често пати со проблемот на изолација во средината во која живеат. Покрај неповолните општествено- економски односи на лицата со посебни потреби им е неопходна потребата од општествена заштита во сите сфери на општествениот живот: здравството, образованието, работните односи и други дејности.

**Според податоците на Светска здравствена организација (СЗО), повеќе од една милијарда луѓе во светот живеат со некој вид на хендикеп или во просек еден од седум луѓе има некаков инвалидитет. Ова одговара на околу %15 од светската популација. Стапката на инвалидност постојано се зголемува, поради стареењето на населението и глобалниот пораст на хронични здравствени состојби (1).**

Во Република Македонија се проценува дека 10 % или околу 000 200 жители се лица со инвалидитет(2).

## ВИДОВИ И ПРИЧИНИ НА ПОПРЕЧЕНОСТ

Во Република Македонија видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој се уредува со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Службен весник на РМ бр.2000/30 год) и според него лица со пречки во физичкиот или психичкиот развој кои имаат специфични потреби се: (3)

- **лица со оштетен вид (слепи и слабовидни)**
- **лица со оштетен слух (глуви и наглуви)**
- **лица со пречки во гласот, говорот и јазикот**
- **телесно инвалидни лица**
- **ментално ретардирани (лесно, умерено, тешко и длабоко)**
- **аутистични лица**
- **хронично болни лица**
- **лица со повеќе видови на пречки.**

*Причините за појава на попреченоста во физичкиот и психичкиот развој се многубројни и сложени*

Општо земено причините кај сите видови недостатоци можат да бидат хередитарни (наследни), конгенитални (вродени) и аквирирани (подоцна стекнати). Наследните и вродените причини честопати се категоризираат како внатрешни причини, додека подоцна стекнатите се категоризираат како надворешни причини. Наследните причини се јавуваат скоро кај сите, но најмногу кај интелектуалната попреченост. Вродените причини најмногу можат да настанат за време на бременоста кај жената. Надворешните причини настануваат по раѓањето на детето. Тие може да настанат како последица на разни заболувања или механички повреди.

Причините за психофизичките недостатоци можат да се спречат или да се ублажат во зависност од општествено-економските услови и од културниот развој на една земја. Потоа, тие можат да се спречат или да се ограничат со развојот на науката и пронаоѓањето на разни средства за спречување на разните болести што се причина за појавата на недостатоците.

Причини за настанување на оштетувањето на видот, на оштетувањето на слухот, за попреченоста во психичкиот развој, односно интелектуалната попреченост, за говорните недостатоци и за телесните оштетувања.

## ЦЕЛ НА УПАТСТВОТО

Упатството е изготвено со цел да се направи проценка на поврзаноста на состојбата на инвалидитет со животната и работната средина на лицата со посебни потреби, а со самата проценка да се работи на подобрување на условите на овие лица полесно да функционираат во животната и работната средина.



# I ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА НА СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДИТЕТ И ЖИВОТНАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

## 1. Законска регулатива во Република Македонија

Република Македонија креира мерки и решенија за нивно полесно вклучување во социјалната средина и полесно извршување на сите активности. Областите во кои се работи се образованието, вработувањето, домувањето, социјалната заштита на лицата со посебни потреби, но посебно треба да се истакне здравствената заштита бидејќи таа им е и најпотребна на овие лица во полесно совладување на здравствените потешкотии. Современата медицинска и други науки може многу да помогнат на овие лица за да ги развијат своите преостанати потенцијали и способности и да постанат активни членови на општеството.

Како што споменавме и погоре, во Република Македонија видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој се уредува со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Службен весник на РМ бр.2000/30 год) и според него се категоризираат лица со пречки во физичкиот или психичкиот развој.

За обезбедување на услови за нивно вклучување во општествениот живот државата обезбедува посебна заштита. Формата на заштита е определена со Законот за социјална заштита(Службен весник на РМ бр.79/2009 год), според кој, лицата со инвалидност можат да ги остварат следните права: (4)

а) вонинституционална заштита:
- право на домашна нега и помош,
- право на дневно згрижување во дневен центар,
- право на сместување во згрижувачко семејство,
- право на живеење во мал групен дом,
- право на организирано живеење со поддршка.

б) институционална заштита:
- право на оспособување за работно - производна активност,
- право на сместување во установа за социјална заштита.

в) парична помош:
- постојана парична помош,

- паричен надоместок за помош и нега од друго лице (за лице над 26 годишна возраст),
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања ( утврдено со Законот за работни односи, а се остварува во центарот за социјална работа) .

г) право на здравствена заштита.

Заштитата на лицата со инвалидност е обезбедена и со Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и во член 19 од истата Конвенција се предвидува следново: (5)

“Државите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност им го признаваат истото право да живеат во заедница, со право на избор еднаков како на другите, и ќе преземат ефективни и соодветни мерки за да им олеснат на лицата со инвалидност во целост да го уживаат ова право и нивната целосна вклученост во општеството, вклучувајќи преземање мерки за да осигураат дека:

а) Лицата со инвалидност имаат можност да одберат место за свое живеење, со кого и каде ќе живеат, под еднакви услови со другите и нема да бидат обврзани да живеат под определени аранжмани;

б) Лицата со инвалидност имаат пристап до спектарот служби за поддршка во своите домови, установите за сместување и локалната заедница, вклучувајќи персонални асистенти, неопходни заради поддршка на вклученоста во животот на лицата со инвалидност во своите локални заедници и спречување на изолација или исклучувања од општеството;

в) Услугите во локалната заедница што се на располагање за општата популација треба да бидат достапни под еднакви услови на лицата со инвалидност и во согласност со нивните потреби”.

Кога станува збор за Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, во член 26 се нагласува дека сите земји кои се потписнички на оваа Конвенција (помеѓу кои е и Македонија) треба да преземаат ефикасни и соодветни мерки, вклучено и преку еднаква поддршка, за да им се овозможи на лицата со инвалидност да постигнат и одржуваат максимална независност, целосна физичка, ментална, социјална и стручна способност и целосна вклученост и учество во сите аспекти на животот. За таа цел, земјите потписнички организираат, зајакнуваат и опфаќаат обемни услуги и програми за хабилитација и рехабилитација, особено за услугите во областите на здравство, вработување, образование и социјалните услуги.

Со Законот за евиденции во областа на здравството (Сл.весник бр.2009/20), здравствените установи во зависност од дејноста која ја вршат се задолжени да водат и индивидуални евиденции за децата со посебни потреби (член 8), а Институтот за јавно здравје води здравствен регистер за деца со посебни потреби (член 11). (6)

За олеснување на животот на лицата со посебни потреби во Р.Макеоднија донесени се и Закон за употреба на гласовниот јазик (Службен весник на РМ бр.2009/105 год), како и Закон за инвалидски организации (Службен весник на РМ бр.2008/89 год).(7, 8)
Со Законот за употреба на гласовниот јазик се уредува правото на употреба на знаковниот јазик, правото на глувите лица на знаковен јазик, изучување на знаковниот јазик, толкувач на знаковниот јазик, задачите на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, финансирањето, остварувањето на правата и прекршочните санкции.
Со Законот за инвалидски организации се уредува статусот, подрачјето на делување, финансирањето и сопственоста на инвалидските организации.
Цели на делување на инвалидската организација за достигнување на квалитет на животот на лицата со инвалидност се особено:

- почитување на човековите права на лицата со инвалидност;
- вклученост во општеството и учество во секојдневниот живот;
- недискриминација на лицата со инвалидност;
- поттикнување на лицата со инвалидност да се потпираат на
- сопствените сили и способности;
- автономност на лицата со инвалидност како корисници на
- услуги;
- економска, социјална, здравствена и правна заштита на лицата со инвалидност; и
- социјална правда и социјална сигурност.

Во законската регилатива на Р.Македонија која што ги штити правата на лицата со посебни потреби, се и Законот за работни односи и Законот за вработување на инвалидни лица, за кои што ќе стане збор подетално во понатамошниот дел од Упатството.

## 2. Законска регулатива во здравството за заштита на правата на лицата со посебни потреби

Во рамките на постојниот систем на здравствената заштита во Р. Македонија,

лицата со инвалидност ги користат истите права од здравствената заштита како и останатите граѓани во Републиката.

Но, покрај тоа постои и посебна организирана здравствена заштита за децата со развојни проблеми и посебни образовни потреби. За успешно реализирање на оваа здравствена заштита, работат 2 развојни центри (развојни советувалишта) и 2 специјализирани установи за ментално здравје ( по една од нив во Скопје и во Битола ) за рана детекција, дијагностика, третман и следење на функционалниот раст и развој на ризично родени деца.

Болничка здравствена заштита се пружа во специјалните болници за лекување на хронични болни од белодробни и друг вид заболувања, потоа неуропсихијатриски болници, центри за рехабилитација во кои спаѓа и Центарот за рехабилитација на слух, говор и глас, болници за лекување со природен фактор (бањи) во државниот и приватниот сектор, како и во сите останати болничко-стационарни установи во Републиката.

Кога станува збор за здравствена заштита *примарната превенција* е доста важна за унапредување на здравјето и за намалување на инвалидитетот.

Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност (член 25) се фокусира на лицата со инвалидност да добијат пристап до секакви здравствени услуги, како и услуги за спречување на зголемување на степенот на инвалидноста. Член 25 од Конвенцијата предвидува државите да обезбедат соодветни здравствени услуги за лицата со инвалидност, вклучувајќи ја раната идентификација, дијагностика и соодветна рана интервеција и дизајнирања сервиси кои ќе ги минимизираат и превенираат можните идни компликации вклучувајќи ги децата и старите лица. Посебна цел во областа на превенцијата е подигнување на нивото на свеста на заедницата за лицата со инвалидност, како и подигнување на свеста на лицата со инвалидност за нивните права, положба и потреби.

Превенцијата за секоја држава е значајна и игра важна улога во спречување на настанување на инвалидитет. Секому треба да му се укаже за превенција од стрес како причина за многу ментални болести, превенција и навремено лекување на најразлични хронични болести, совети за бремените жени, подобрување на работата на генетските советувалишта, едукација за секаков тип на самозаштита и многу други мерки кои што се превземаат доколку добро се работи во примарната превенција.

*Секундарна превенција* – тоа се активности кои се насочени кон откривање на здравствениот проблем во рана фаза кај некој поединец или кај целокупното население. Со навремено откривање на состојбата или болеста се овозможува превземање на благовремени мерки за третман и рехабилитација, намалување или спречување на нејзините долгорочни ефекти (на пример, поддршка на жените со интелектуална попреченост во пристапот кон скрининг на рак на дојка).

*Терцијарната превенција* вклучува мерки за рехабилитација и сапортација. Рехабилитацијата претставува помагање на лицата со пречки во равојот околу функционалните ограничувања кои што ги имаат поради инвалидитетот. Рехабилитацијата освен што подразбира медицинска помош, исто така подразбира и помош од средината, семејството, психолошка помош која што често е потребна поради нарушена самодоверба, исто така и економска помош потребна поради скапиот третман кој најчесто го имаат овие лица. Сапортацијата вклучува решавање на емоционалните, воспитните и социјалните проблеми на лицата со посебни потреби.

Здравствената и социјалната заштита играат значајна улога во животот и целокупниот развој на секое лице со пречки во развојот. Кога и да помислиме на овие лица, секогаш треба да тргнеме од начелата на достапност, ефикасност, континуираност, правичност, сеопфатност и квалитетен и сигурен здравствен третман.

## 3. Видови на заштита во животната и работната средина во светот

Постојат големи разлики во здравјето на населението и пристапот кон услуги ширум светот. Како за многу активности што се имплементираат во Република Македонија, така и активностите поврзани со лицата со посебни потреби е да се стремиме да ги достигнеме условите за живот и работа кои што ги има во земјите со повисоко развиена свест, како на пример Шведска, Англија, Данска, Норвешка и др. Во овие земји лицата со посебни потреби се на прво место кога станува збор за социјалната и здравствената заштита, како и за услугите што ги нудат службите задолжени за работа со овие лица. И во светот, како и кај нас, секојдневно се работи на одстранување на сите бариери кои им застануваат на патот на лицата со посебни потреби. Во развиените држави, кои што се воедно финансиски помоќни, лицата со посебни потреби скоро и да не чувствуваат дека имаат некаков вид на хендикеп. Тие се целосно вклучени како во сите животни активности така и во работните активности. Обезбедена им е работа, лесно можат да се движат бидејќи имаат соодветна сигнализација, рампи, доволно медицински помагала и сл. Но, секако во секоја држава без разлика колку и да е моќна и развиена, се работи на унапредување на грижата за овие лица.

Меѓународните правни стандарди недвосмислено наведуваат дека правото на пристојна работа и слободен избор на вработување inter alia за лицата со посебни потреби е есенцијално за нивната егзистенција и добробит. Затоа, заштитата на ова право е јасно регулирано со Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Правото на работа е предвидено во меѓусебно испреплетените членови од 6 до 8, а антидискриминациската клаузула е обезбедена со членот 2 став 2 од Конвенцијата. Посебно интересен за лицата со ментална и телесна попреченост е Општиот коментар бр.5 кон оваа Конвенција, кој се однесува на оваа група во кој се наведува дека „... преку запоставување, неинформираност, предрасуди и лажни претпоставки, како и преку исклучување, разликување и сепарација, лицата со попреченост често биле спречувани во искористувањето на своите економски, социјални и културни права под еднакви услови како и лицата без хендикеп. Ефектите од дискриминацијата по основа на попреченост се значителни во областите на образованието, вработувањето, домувањето, транспортот, културниот живот и пристапноста до јавните добра и услуги“ (параграф 15). Ова се поддржува со фактот дека стапката на невработеност на овие лица е трипати поголема од онаа на општата популација и дека најчесто овие лица работат работи кои се малку платени и се често сегрегирани од отворениот пазар на трудот. Притоа, истакнувајќи дека правото на

работа, всушност, не се остварува кога единствената реална можност за лицата со попреченост е нивното вработување во таканаречените заштитни работилници под супстандардни услови (Општиот коментар бр.1994 ,5, параграфи од 20 до 27, стр.6-5).

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Факултативниот протокол кон неа, беа усвоени во 2006 година, а стапија на сила на 3 мај 2008 година. Моментално, 156 држави ја имаат потпишано КПЛК а 132 ја имаат ратификувано, додека 91 држава го имаат потпишано Факултативниот протокол а 77 го имаат ратификувано истиот. Република Македонија ја потпиша КПЛК на 30 март 2007 година, а истата ја ратификува на 5 декември 2011 година. (9)

## 4. Можности за заштита во животната и работната средина во Р.Македонија

Заштитата на лицата со посебни потреби во рамки на работната средина на територијата на Р.Македонија е покриена со Законот за работни односи и Законот за вработување на инвалидни лица.

Во согласност со Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.52/2012 год), работодавачот обезбедува заштита на инвалидите при вработувањето, оспособувањето или преоспособувањето. (10)

Во членот 178 од Законот за работни односи се нагласува дека: "На работникот инвалид на трудот со право на професионална рехабилитација по основ на професионална неспособност за работа, работодавачот е должен да му обезбеди услови за вршење на професионалната рехабилитација и да го распореди на друга работа со полно работно време во согласност со прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

На работникот кај кој постои непосредна опасност од настапување на инвалидност, работодавачот е должен да му обезбеди распоредување на друга соодветна работа и надоместок на плата во висина на разликата меѓу платата на која работел работникот пред распоредувањето и платата на новото работно место."

Во Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ бр.87/2005 год) се уредуваат посебните услови за вработување и работење на инвалидни лица: кога самостојно вршат дејност како трговец поединец, кај работодавец или има својство на работодавец, во државната администрација, единиците на локалната самоу- права, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институциикако и условите за основање и погодностите за работење на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво. (11)

Во членот 4 од овој закон се наведени мерките за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидно лице, а тоа се:

- доделување на неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работното место на кое ќе работи инвалидното лице доколку таа е потребна и набавка на опрема според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика;
- ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси и
- финансиска поддршка во работењето.

Понатака во овој закон е дефинирано дека при вработување на инвалидно лице, работодавецот е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност

од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на инвалидното лице кое се вработува.Средствата за создавање посебни услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица со адаптација на работното место,набавка на опрема, доградба и адаптација на работниот простор се обезбедуваат од Посебен фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните лица.

Покрај законите кои што се креирани од страна на државата, на терен се спроведуваат многу напори за вработување на лицата со посебни потреби. Овие вработувања се реализираат преку Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ).

АВРМ има подготвено правилник за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица.

Во рамките на расположивите финансиски средства, од Посебниот фонд се доделуваат неповратни средства за:

1. Вработување на инвалидно лице на неопределено време, за што се доделуваат 20 просечни плати за едно вработување или 40 просечни плати за лица кои се движат со инвалидска количка или потполно слепи лица;
2. Адаптација на работно место, за што се доделуваат неповратни средства до 100.000,00 денари;
3. Набавка на опрема, за што се доделуваат до 200 просечни плати, за што критериум се бројот на вработени инвалидни лица и искажаните капитал и резерви во бонитетот;
4. Работно оспособување на инвалидни лица заради вработување. (12)

Работодавачот создава соодветни услови за работење со адаптација на работно место во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице .

Секој работодавач кој варотува лица со посебни потреби треба да се погрижи за тоа лице за негова полесна адаптација на работното место, а тоа опфаќа:

- прилагодување на опремата, средствата за работа, уредите и другите технички средства за работа со вградување на механички, електрични, електронски, звучни, светлосни и слични уреди со кои се овозможува сигурна, непречена и продуктивна работа на едно или на повеќе инвалидни лица;
- прилагодување на работните и помошните простории со поставување или изградба на пристапни патеки, косини, заштитни огради и слично, со што на едно или на повеќе инвалидни лица им се овозможува непречен и сигурен пристап до и од работното место.

За утврдената потреба од адаптација на работно место, работодавачот изготвува соодветна документација со опис на тоа што ќе се адаптира и начинот на кој ќе се адаптира.

Покрај државните органи и невладините организации и стрнските компании и меѓународни организации се грижат за вработувањето на лицата со посебни потреби. Така невладините организации “Отворете ги прозорците” и “Моја кариера”, преку проектите на УСАИД учествуваа во процесот на обучување на младите невработени лица со пречки во развојот за полесно наоѓање на работа, оспособување за работа и слично. Имено, Проектот на УСАИД за практикантска работа и вработување на лица со попреченост ја поддржува имплементацијата на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост во Македонија. Проектот им помага на лицата со попреченост да се вклучат во општеството преку подобрување на нивните вештини за вработување со обуки за пишување на резиме и подготовка за интервју за работа, им нуди можности за практикантско ангажирање, како и работилници за како да започнат и да водат сопствен бизнис.

Во подобрување на животните услови на лицата со посебни потреби се вклучи здружението „Отворете ги прозорците” кое во соработка со релевантните национални образовни институции обезбеди асистивни уреди и пристапен образовен софтвер за 31 основно и две средни училишта. Беа одржани обуки за наставници за примена на асистивната технологија со учениците со попреченост, исто така беа изработени различни ресурсни материјали (прирачници и упатства за наставници, за прв пат е-пристапни учебници и пристапни образовни игри за ученици). Овие пионерски активности овозможија асистивната технологија да користи како вредна алатка за вклучувањето (инклузијата) на учениците со попреченост во редовното образование во Македонија. (13)

Заштитата на животната средина на лицата со посебни потреби во Р.Македонија е спроведена преку помагање на овие лица околу полесно и побезболно функционирање во секојдневниот живот.

Државата го признава подеднакво правото и можноста за основно, средно и факултетско образование на инвалидните деца, младинци и возрасни. Тоа е составен дел од образовниот систем. Ова образование треба да биде составен дел на националната образовна програма, развојот на наставниот план и организацијата на училиштата. Родителите и организациите на инвалидите треба да бидат вклучени во сите степени на образовниот процес.

Државите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност им го признаваат истото право да живеат во заедница, со право на избор еднаков како на другите, и ќе преземат ефективни и соодветни мерки за да им олеснат на лицата со инвалидност во целост да го уживаат ова право и нивната целосна вклученост во општеството, вклучувајќи преземање мерки за да осигураат дека:

а) Лицата со инвалидност имаат можност да одберат место за свое

живеење, со кого и каде ќе живеат, под еднакви услови со другите и нема да бидат обврзани да живеат под определени аранжмани;

б) Лицата со инвалидност имаат пристап до спектарот служби за поддршка во своите домови, установите за сместување и локалната заедница, вклучувајќи персонални асистенти, неопходни заради поддршка на вклученоста во животот на лицата со инвалидност во своите локални заедници и спречување на изолација или исклучувања од општеството;

в) Услугите во локалната заедница што се на располагање за општата популација треба да бидат достапни под еднакви услови на лицата со инвалидност и во согласност со нивните потреби.

Социјализацијата на овие лица е исто така многу значаен дел од нивното живеење. Секојдневните излагања, дружења, шетања на овие лица ќе го направи нивниот живот многу поисполнет и посреќен. Треба да се отвораат што повеќе клубови за лица со различни видови на инвалидитет, дневни центри, да се изградат соодветни игралишта за децата со посебни потреби и да се вклучуваат што повеќе во секојдневните вообичаени активности со другите лица како не би имало дискриминација и поделеност.

# II УПАТСТВО ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА НА СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДИТЕТ И ЖИВОТНАТА И РАБОТНАТА СРЕДИНА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

## 1. Бариери кои може да се превенираат

Проценката на состојбата на лицата со посебни потреби е да се разгледаат клучните елементи како што се достапноста, искористувањето на одредена услуга која што е достапна за некое лице, релевантноста (услугата што се пружа ги рефлектира потребите и преференциите на овие лица), ефективност (дали посакуваниот третман или резултат од услугата е постигнат) и правичност, која се однесува на разликите во пристапот на различни групи.

Подолу се наведени бариерите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби, а за кои се прави проценката со цел тие да се искоренат и да може овие лица да имаат животни и работни услови исти како и секое друго лице.

- недостаток на капацитет и достапност (тука спаѓа и рационализацијата/рецесијата на одредена услуга). На пример, долги листи на чекање за одреден вид третман, недостаток на инфраструктура или соодветен персонал-дефктолози и сл. Или недостаток на услугата на местото или во времето кога таа е потребна.
- Трошок: целосно или делумно плаќање на многу видови здравствени услуги останува норма која што може да биде значајна бариера на лицата со посебни потреби.
- Недостаток на знаење и информации: важен е пристапот кон информации за сопственото здравје, за превентивните стратегии и методи и за видот на услуги кои им се на располагање на овие лица.
- Мобилност и миграција: Во случаи кога населението е мобилно и мигрира може да се појават пречки и потешкотии во остварување на некои права и услуги, како на пример, доколку на некое лице со инвалидитет му е потребна посебна нега која што е постојана, се јавува проблем при мигрирањето во друго место, таму потешко може да дојде до истата услуга.
- Вработување: Пристапот кон здравствени услуги е поврзан со статусот на вработен бидејќи здравственото осигурување го покрива работодавачот. Лицата со посебни потреби многу често имаат потешкотии во пронаоѓање на работа, па така

мора да се осигураат на друг начин за да можат да го остварат здравственото осигурување.

- Чувствителност на персоналот и подготвеност: Професионалните стандарди и етика им наложуваат на здравствените работници да ги пружаат своите услуги компетентно и професионално и да ги третираат и лицата со посебни потреби со почит и сензитивност.
- Дискриминација: И покрај залагањето и посветеноста на здравствените служби и професионалците да пружаат ефективна здравствена заштита, сеуште постои дискриминација кон лицата со посебни потреби. Важно е да се спомне дека дискриминацијата не е секогаш активна-пропустот ефективно да се адресираат неправилностите или да се обезбеди третман за некого или да се стигматизира некоја состојба исто така претставува форма на дискриминација.
- Еден од поголемите проблеми во Македонија за лицата со посебни потреби е тоа што тие наидуваат на различни архитектонски бариери. Иако се превземаат мерки за отстранување на тие бариери, останува уште многу да се направи. На лицата со посебни потреби треба да им се овозможи достапност до целокупното општествено опкружување, како што се јавниот превоз, информации, комуникации и услуги наменти за јавноста. Бариерите според социјалниот модел не се само архитектонски туку и информациско-комуникациски и социјално-економски.
- На лицата со посебни потреби им е потребно секојдневно дружење и социјализација. Така тие би имале достоинствен и полноправен живот. (14)

## 2. Можни идни решенија и препораки за подобрување на животните и работните услови на лицата со посебни потреби во Република Македонија

Бариерите кои што ги имаат лицата со посебни потреби може со заеднички сили да се намалат. Властите на сите држави, генерално, можат многу да помогнат во надминување на овие бариери. Нашата држава постојано инвестира во конкретни програми за овие лица и го промовира пристапот до услугите. Но, кога се креираат овие политики и програми треба да се обезбеди активно вклучување на лицата со посебни потреби бидејќи од нив најдобро можеме да осознаеме кои се нивните реални потреби.

Овие програми и активности треба да се поиздржани, постојано да се работи на подобрување на здравствената заштита кога станува збор за лицата со посебни потреби, да се работи на инклузивно образование кое ќе ги вклучи и децата со посебни потреби, да им се овозможи на овие лица со пречки во развојот кои можат да работат, да се отворат повеќе работни задруги, да им се обезбеди соодветна обука на тие лица доколку е потребна.

Во однос на унапредување на здравствената заштита, за лицата со посеби потреби се превземаат значителни мерки. Се работи на сите нивоа на примарна, секундарна и терцијарна превенција.

Службите треба да работат кон подобрување на пристапот до референтните сервиси за специјалистички третман како и за развивање на линкови и опции за трансфер помеѓу основните домашни терапевтски сервиси и референтните сервиси во болниците.

Сите граѓани треба да помагаат во вклучувањето на лицата со посебни потреби во секојневниот живот, без разлика дали е тоа највисок степен на здравствена заштита или помош на лице со хендикеп за да ја премине улицата, да се качи во автобус и слично.

Со залагање на секој граѓанин на Република Македонија, а посебно на Владата и нејзините институции, може да се придонесе лицата со посебни потреби и во нашата држава да имаат достоинствен и полноправен живот. За да се реализира тоа државните институции треба во најскоро време, во предвид да ги земат следните препораки:

1. Кон сите луѓе подеднакво треба да се спроведува системот на правичност, при кој што треба да се потенцира праведноста во начинот на кој ресурсите и тешкотиите се распределуваат низ целото население и како да се намалат нееднаквостите при таа распределба. Кога се спомнува правичноста често пати при тоа се земаат предвид и се инкорпорираат и можностите, така што постигнувањето на исходите им е подеднакво овозможено на сите луѓе и зависи од изборот што тие ќе го направат. (15)

2. Државата да превземе активности за зголемување на свеста во општеството за лицата со посебни потреби, за нивните права, нивниот потенцијал и нивниот придонес.
3. Да се обезбеди ефективна медицинска заштита за лицата со посебни потреби.
4. Државата да обезбеди центри за ефективна рехабилитација, вклучувајќи ги тука и техничките помагала со кои ќе им се подобри секојдневниот живот. Освен тоа треба да се провери функционалноста на моменталните центри за рехабилитација, хигиената и условите за престој во истите.
5. Во однос на пристапноста државата треба да воведе програми и активности за да ја направи достапна физичката околина и да преземе мерки за обезбедување пристап кон комуникации и информации.
6. Правото за образование во основно, средно и високо образование не треба да претставува проблем за лицата со посебни потреби доколку државата поенергично се зафати со проектот за надминување на архитектонските бариери.
7. Државата треба да обезбеди остварување на основното право за вработување на лицата со посебни потреби.
8. Државата е должна да го промовира целосното учество на лицата со посебни потреби во семејниот живот.
9. Лицата со посебни потреби треба да се вклучат во креирањето на политиката и нејзиното планирање. (16)

Освен државата, и невладините организации работат со полна пареа во олеснувањето на животот на лицата со посебни потреби. Само со заеднички сили ќе успееме да ја направиме земјата поубаво место за живеење на овие лица.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. http://www.who.int/disabilities/infographic/en/
2. World report on disability (2011). World health organization, The world bank . http://whqlibdoc.who.int/publications/9789240685215/2011_eng.pdf
3. Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Службен весник на РМ бр.2000/30 год)
4. Закон за социјална заштита(Службен весник на РМ бр.79/2009 год)
5. Конвенција за правата на лицата со инвалидност http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20za%20pravata%20na%20licata%20so%20invalidnost.pdf
6. Закон за евиденции во областа на здравството (Сл.весник бр.2009/20)
7. Закон за употреба на гласовниот јазик (Службен весник на РМ бр.2009/105 год)
8. Закон за инвалидски организации (Службен весник на РМ бр.2008/89 год)
9. Анализа на дискриминациските практики во областа на вработувањето и работните односи врз етничка припадност, возраст, пол и ментална и телесна попреченост; д-р Жанета Попоска, д-р Беким Кадриу, Ленче Коцевска, Елена Кочоска, Скопје, декември 2013
10. Закон за работни односи (Службен весник на РМ бр.52/2012 год)
11. Закон за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ бр.87/2005 год)
12. Агенција за вработување на Република Македонија www.avrm.gov.mk
13. НГО “Отворете ги прозорците” http://www.openthewindows.org/
14. Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2018-2010
15. Затварање на јазот: Зголемување на пристапот и правичноста, Меѓународен ден на сестри
16. Policy Brief-Достоинствен живот за лицата со посебни потреби, Виктор Азманоски